**ИЗВЕШТАЈ**

**РАБОТИЛНИЦА – СЛОБОДА НА ИНФОРМАЦИИ И ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ**



**Тема: Слобода на информации и отворени податоци – за подготовка на Третиот акционен план ОВП 2016 – 2018**

**Место: ЕУ Инфо Центар (**Св. Кирил и Методиј 52 – V, 1000 Скопје)

**Датум: 9 март 2016**

Овој настан е поддржан од Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), во рамки на проектот финансиран од Европската унија: ,,Застапување за отворена влада: поставување на агендата на граѓанското општество и мониторирање на владините акциски планови". Изнесените ставови за време на настанот не секогаш ги одразуваат мислењата и ставовите на донаторите.

Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) во рамките на проектот финансиран од Европската Унија *,,Застапување за отворена влада: поставување на агендата на граѓанското општество и мониторирање на владините акциски планови“* и поддржан од Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) ја одржа втората работилница со тема *Слобода на информации и отворени податоци* за процесот за креирање на третиот Акционен план за Отвореното владино партнерство (ОВП) 2016-2018 година.

На работилницата беа поканети претставници од државните институции, граѓанското општество (ГО), бизнис заедницата, синдикатите и други засегнати чинители и граѓани, а учествуваа 34 претставници. Главни теми за кои се дискутираше на работилницата и кои се однесуваа на идентификација и промовирање на мерки и заложби за (1) слободен пристап до информации; (2) слободни податоци како општо добро и (3) информациска инфраструктура. Работилницата беше поделена на три дела. По поздравното обраќање на Ќендреса Сулејмани од ЦИКП, темата на конференцијата ја отвори Соња Стефановска-Трајановска од УНДП. Таа се осврна на потребата од вклучувањето на оддржливите развојни цели (Sustainable Development Goals) од Агендата 2030. Иако, како што напомена таа, сите цели се од исклучителна важност да бидат спроведени од земјите-членки на Обединетите Нации (ОН), целта 16 која е посветена на *Мирот, правда и силни институции*, најмногу соодветствува на цел која може да се спроведе преку Акциониот план на ОВП. Социјалната покриеност на оваа цел е преку #цел16. Гордана Гапиќ-Димитровска, национална координаторка за ОВП, се осврна на потребата да се надминат предизвиците од подготовката на вториот Акционен план, со цел мерките кои ќе бидат предложени да бидат померливи и да можат да се исполнат во определениот временски период, со доделените финансиски средства. Таа, исто така, нагласи дека треба да го земеме предвид искуството при предложувањето и донесувањето на мерките, односно тие да бидат точно специфицирани. И на крај Здравко Вељанов од ЦИКП, претстави неколку добри практики од подготовка и спроведување на мерки поврзани со отворените податоци и слободата на медиумите. Според него треба јасно да се дефинира значењето на поимите слобода на информации и отворени податоци и мерките кои ќе бидат предложени да ги почитуваат заложбите на глобалната иницијатива ОВП, односно тие да бидат остварливи и мерливи.

По воведните обраќања, вториот дел од работилницата имаше за цел да ги идентификува предизвиците во рамките на тематските групи. Темите кои беа наведени на почетокот на настанот,

Овој настан е поддржан од Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), во рамки на проектот финансиран од Европската унија: ,,Застапување за отворена влада: поставување на агендата на граѓанското општество и мониторирање на владините акциски планови". Изнесените ставови за време на настанот не секогаш ги одразуваат мислењата и ставовите на донаторите.

UNDP Empowered lives. Resilient nations.

беа поделени и секој учесник или претставник на одредена организација или институција можеше да идентификува предизвици кои ќе се разгледуваат и за кои ќе треба да се подготват соодветни мерки со цел да се реализираат. Откако беа идентификувани сите предизвици, се дискутираше за нивната релевантност, конзистентност и можноста да се имплементираат во рамките на наредниот АП.

Последниот дел од работилницата беше посветен на идентификување на мерки кои се однесуваат на предизвиците, кои ќе бидат предложени во АП. Мерките, исто како и предизвиците, беа дискутирани во поглед на нивната релевантност, конзистентност и можноста за имплементација.

Во однос на информациската инфраструктура беа понудени неколку предизвици и потоа се дискутираа мерки кои можат да се предложат. Во рамките на првиот тематски дел: *информациска инфраструктура* беа предложени следниве мерки: воведување на ИНТРАНЕТ систем и модул за биометриска идентификација (fingerprint). Мерката беше предложена од Сашко Крстевски, а како институција која треба да ја спроведува мерката е наведено Министерството за внатрешни работи. Гордана Ѓорчевска од Реактив ја нагласи техничката неподготвеност на институциите. Имено, во рамките на проект спроведен од Реактив, државните институции не биле подготвени да одговорат на предизвиците од технички аспект, односно се соочувале или со премногу застарена технологија или воопшто немаат технологија. Затоа, тие не се подготвени електронски да објавуваат податоци. Мерката која беше понудена за да се одговори на овој предизвик, барем делумно, е да се направи проценка на техничките капацитети, а оттаму да се изготвува стратегија за надминување на проблемите. Благој Петрушев се осврна на проблемите на сајтот otvorenipodatoci.gov.mk, односно да се поправи недостатокот се поврзување со екстерен линк, кој е најчесто непостоечки или скршен.

Во рамките на вториот тематски дел, Дијана Жупаноска од МЦЕО ја наведе неефикасноста на жалбената постапка во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Таа смета дека треба да се скрати рокот на одговор кој треба институцијата да го достави и наместо усно барање, да може да се овозможи електронско поднесување на барање. Исто така, треба и јасно да се дефинира кои се доверливи, а кои недоверливи информации. За надминување на овој предизвик, како што беше дискутирано, потребни се законски измени, и инфраструктура за подобрување на доставувањето на информации по електронски пат. Исто така, како предизвик се

Овој настан е поддржан од Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), во рамки на проектот финансиран од Европската унија: ,,Застапување за отворена влада: поставување на агендата на граѓанското општество и мониторирање на владините акциски планови". Изнесените ставови за време на настанот не секогаш ги одразуваат мислењата и ставовите на донаторите.

јави подигањето на свеста на јавноста, функционерите и раководителите и кај имателите на информации кои треба да го спроведуваат и практикуваат ЗСПИЈК. Миша Поповиќ, смета дека треба проактивно да се објавува на страниците на министерствата, по барање на информации од страна на ГО и граѓаните. Овие информации треба да се објават на странците и постојано да се ажурираат. Како мерка решение за справување со овој предизвик беше предложена селекција на пример 10 институции, кои ќе бидат дел од овој пилот проект. И како последен предизвик од овој дел се јави потребата од отворање на седниците на Владата, односно инсталирање на е-владини софтвери. Овие софтвери треба да бидат дел од модулите за транспарентност. Понатаму, треба да се воведи ticketing system, како и имањето пристап до записниците на Владата.

Третиот тематски дел, беше отворен со предизвиците поврзани со систематизација на постоечките податоци. Потребно е да се направи централен регистар, кој ќе може да ги каталогизира и категоризира сите сетови со податоци кои се од јавен карактер. Податоците кои ќе се објавуваат, дополнително, треба да бидат во формат кој е читлив за машина (machine readable), а институција која ќе ја спроведува оваа мерка беше идентификувано Бирото за јавни набавки. Со цел да се обезбеди транспарентност и отчетност на политички партии, се предложи воспоставување на регистар на донатори на партии, отворање на анкетните листови, целосно и историски, за да може да се пребарува промената на имотната состојба на носителите на функции, а не само како што е досега да се објавуваат само последните анкетни листови и нивно бришење по престанувањето на функцијата. Според МИОА оваа е одлука за која си одлучува самата институција, и тие како Министерство се ограничени во нивното делување. Исто така, потребно е и да се овозможи слободен пристап до податоците од јавен карактер, а кои се однесуваат на бизнисмените. Пристапот до овие бази треба да се плаќа, а граѓанскиот сектор нема доволно средства за постојана претплата до бази. Меѓутоа, како што нагласија од МИОА, се работи за бази со податоци кои се платени од бизнисите и нивното отворање не зависи од нив. За крај, се појави и потребата за постојаност во објавување на податоци на страницата на otvorenipodatoci.gov.mk, односно по објавувањето да не се бришат сетовите со податоци или пак да се менуваат. Ова ја развива потребата од стандардизација во објавувањето на податоците на сите нивоа.

Овој настан е поддржан од Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), во рамки на проектот финансиран од Европската унија: ,,Застапување за отворена влада: поставување на агендата на граѓанското општество и мониторирање на владините акциски планови". Изнесените ставови за време на настанот не секогаш ги одразуваат мислењата и ставовите на донаторите.

По успешното затворање на работилницата со сеопфатна дискусија, беше организирана закуска.



Овој настан е поддржан од Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), во рамки на проектот финансиран од Европската унија: ,,Застапување за отворена влада: поставување на агендата на граѓанското општество и мониторирање на владините акциски планови". Изнесените ставови за време на настанот не секогаш ги одразуваат мислењата и ставовите на донаторите.